*РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*
*УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ШТИП*
*В О Е Н А А К А Д Е М И Ј А*
*„Генерал Михаило Апостолски“-Скопје*
*-придружна членка-*

# Б И Л Т Е Н
## НА ВОЕНАТА АКАДЕМИЈА
# 119

**09 Април 2024 година**

**Скопје**

## СОДРЖИНА

1.Рецензија на ракописот за учебник ,,СИСТЕМИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОГАН”  од д-р Славко Ангелевски, редовен.....................................................................2325

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

на ракописот за учебник ,,СИСТЕМИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОГАН”
**од д-р Славко Ангелевски, редовен професор на** Воената академија
,,Генерал Михаило Апостолски”- Скопје

Врз основа на член 143 и 144 од Статутот на Воената академија ,,Генерал Михаило Апостолски” - Скопје, Правилникот за организирање и остварување на издавачка дејност во Министерството за одбрана, бр. 01-7696/1 од 31.12.2019 година и Годишниот план за издавачка дејност на Воена академија за 2024 година, Наставнонаучниот совет на Воената академија на седницата одржана на 22.02.2024 година, донесе одлуки број 02-09/38 од 22.02.2024 година за избор на следните рецензенти:

1. д-р Стојче Десковски, редовен професор (во пензија) – Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола
2. д-р Орце Поповски, редовен професор - Воена академија ,,Генерал Михаило Апостолски”- Скопје

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис за учебник „СИСТЕМИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОГАН“ од авторот д-р Славко Ангелевски, редовен професор, наменет за студентите од прв циклус на студии при Воена академија - Скопје.

По прегледот на ракописот, рецензентите до Деканската управа на Воената академија го поднесуваат следниот:

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот од авторот д-р Славко Ангелевски е конципиран и пишуван според Наставниот план и програма за предметот Системи за управување со оган, кој е изборен предмет за питомците од родовите: пешадија, артилерија и ОМЕ и се изучува во трета година (6 семестар) на прв циклус на студии на Воената академија ,,Генерал Михаило Апостолски”- Скопје со вкупен фонд на часови 60 од кои 30 часа предавања и 30 часа вежби. Ракописот кој е доставен до рецензентите претставува материјал преку кој питомците ќе добијат целосни сознанија за предметната материја и преку кој целосно ќе се реализираат барањата на предметната програма.

**Податоци за обемот на ракописот:** Содржината на ракописот е претставена во текст од 198 страници, пишуван со големина на букви 10 во StobiSerif Regular на Б5 формат со нормален прород. Користената литература е претставена преку 41 релевантни библиографски единици, во најголем дел литература од меѓународни издавачки куќи која ги покрива подрачјата што се третирани во трудот. Ракописот е подготвен според стандардна методологија, а неговиот обем и содржина ги задоволува критериумите за учебник по предметот Системи за управување сооган. Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на

издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. Обемот и содржината на ракописот се соодветни со Правилникот за организирање и остварување на издавачка дејност во Министерството за одбрана. Соодветно на тоа, сметаме дека овој ракопис е целосно и соодветно прилагоден за потребните на питомците од прв циклус студии при Воена академија во Скопје.

Понудениот ракопис е неопходен за да се овозможи на питомците да го совладаат наведениот предмет теоретски и практично, како и да ги постигнат дефинираните цели во предметната програма. Учебник што обработува иста содржина на Воената академија досега не е објавен.

**Опис на содржината:** Ракописот е напишан на едноставен јазик со примена на лесно разбирлива терминологија. Материјата која се обработува во учебникот е поделена во девет поглавја. Во првото – воведно поглавје, обработени се основите на теоријата за управување со оган, потребата од постоење на овој систем, неговите елементи и етепите во процесот на управување со ган. Во второто поглавје се разгледуваат координатните системи што се користат во процесот на следење на подвижни објекти во простоот. Третото поглавје, го разработува проблемот на решевање на задачата на средба на проектилот со подвижна цел. Во четвртото поглавје се разгледува местото и улогата на компјутерите во рамките на системот за управување со оган. Во петото поглевје, дадени се основните карактеристики и улогата на сензорите во системот за управување со оган, додека шестото поглавје подетално ги разгледува радарите како битна компонента во овој систем и го објаснува нивното место и улога во системот за управување со оган. Седмото поглавје се занимава со ситемите за управување со оган во копнената арилерија и принципите на автоматизација на овој систем. Во осмото поглевје се разгледуваат системите за управување со оган кај тенковите и самоодните орудија на копнената војска. На крајот, во деветото поглавје, обработени се системите за менаџирање со бојното поле, нивната интегрираност во системот за командување и контрола во рамките на процесот на дигитализација на просторот на борбени дејства.

Овој учебник, освен за питомците на Воената академија, претставува корисен едукативен материјал за сите припадници на Армијата, за вработените во безбедносните институции, како и за поширок круг на заинтересирани читатели.

## З А К Л У Ч О К

Ракопис за учебник „СИСТЕМИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОГАН“ од авторот д-р Славко Ангелевски, редовен професор, во целост ги задоволува потребите на Наставниот план и програма по предметот Системи за управување со оган за питомците на прв циклус на студии на Воената академија ,,Генерал Михаило Апостолски”- Скопје. Материјата во ракописот е елаборирана на начин кој е во согласност со потребните стандарди за универзитетски учебник. Врз основа на понудената содржина и оценката за квалитетот и соодветноста на третираните теми релевантни на областа, Рецензентската комисија оценува дека поднесениот ракопис од авторот д-р Славко Ангелевски, редовен професор, под наслов „СИСТЕМИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОГАН“ одговара на критериумите за квалитет и прилагоденост на наставните планови и програми. Соодветно на тоа предлагаме на Деканската управа на Воена академија - Скопје:

1. Да го прифати Рецензентскиот извештај на предложениот ракопис под наслов „СИСТЕМИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОГАН“ изготвен од авторот д-р Славко Ангелевски, редовен професор.
2. Да го одобри издавањето и користењето на ракописот „СИСТЕМИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОГАН“ изготвен од авторот д-р Славко Ангелевски, редовен професор, како учебник по предметот „Системи за управување со оган“ од прв циклус на студии на Воената академија ,,Генерал Михаило Апостолски”- Скопје.

**РЕЦЕНЗЕНТИ:**

проф. д-р Стојче Десковски с.р.

проф. д-р Орце Поповски с.р.